# ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА



## *ЗА ТВОИТЕ ПРАВА: ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ*

Зајакнување на правдата

Борба против корупцијата, економскиот криминал и перењето пари

Промовирање на спречувањето на дискриминација и заштита на правата на ранливите групи

Промовирање и заштита на слободата на изразување и медиумите

Механизам за координација на експертизи

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

*Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција* (Хоризонтален инструмент) е заедничка иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа. Програмата ги поддржува властите, во усогласувањето на нивните реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата со релевантните препораки на телата за советување и следење на Советот на Европа, што е исто така приоритет за процесот на проширување на ЕУ.



Хоризонталниот Инструмент претставува надоврзување на резултатите и напредокот постигнат од програмата од 2016 година, што вклучува:

- Спроведувањето на судските реформи, вклучително и во областа на затворите и полицијата;
- Хармонизација на законодавството и практиките со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП);

На пример, со понатамошно усогласување на јавните политики, институциите и практиките со судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), препораките на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) и мислењата на Венецијанската комисија и стандардите на Европската комисија за ефикасност на правдата (ЦЕПЕЈ).

- Посилни јавни политики против корупција, перење пари и финансирање на тероризам;

На пример, со решавање на недостатоците идентификувани во оценките на Комитетот на експерти за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (MONEYVAL) и Групата држави против корупција (ГРЕКО).

- Подобри законодавства, јавни политики и капацитети за инклузивност и интегритет во образованието, спречување на дискриминацијата, заштитата на малцинствата, пристап на жените до правда и борба против трговијата со луѓе;

На пример, со спроведување на препораките на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), Групата експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА), Групата експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО) и Комесарот за човекови луѓе, како и оние кои произлегуваат од следењето на Рамковната конвенција за националните малцинства (РКНМ) и Европската повелба за регионални или малцински јазици (ЕПРМЈ).

- Подобрени услови и амбиент за остварување на слободата на изразување и слободата на медиумите;

  На пример, со понатамошно усогласување на стандардите во полето на слободата на изразување и слободата на медиумите со член 10 од ЕКЧП.

- Обезбедени насоки за корисниците за подготовка на закони и политики преку Механизмот за координација на експертизата. На пример, за Законот за финализирање на преодните процеси на имотот (Албанија); Amicus curiae поднесок за прашањето за апелациона надлежност во Судот на Босна и Херцеговина; Законот за Обвинителскиот совет на Косово; Законот за животно партнерство на лица од ист пол (Црна Гора); Законот за вонредна состојба (Северна Македонија); и Законот за родова еднаквост (Србија).

## ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ III НА ПРВ ПОГЛЕД

Програмата опфаќа дејства во корисниците од Западен Балкан и Турција, со комплементарна регионална димензија.

**Темите** опфатени со Хоризонталниот инструмент вклучуваат:

- зајакнување на правдата;
- борба против корупцијата, економскиот криминал и перењето пари;
- промовирање на спречувањето на дискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи (вклучувајќи ЛГБТИ, малцинствата и Ромите) и
- промовирање и заштитата на слободата на изразување и медиумите.

**Буџетот** доделен за програмата изнесува околу 41 милион евра (85% финансирани од Европската унија, 15% од Советот на Европа).

**Структурата на** Програмата на Хоризонталниот инструмент има двократен пристап:

- Техничка соработка, во форма на градење капацитети, експертиза и други форми на техничка поддршка приспособена на потребите на секој Корисник за да се постигне зголемена усогласеност со европските стандарди;
- Механизмот за координација на експертизата, флексибилна алатка преку која Советот на Европа обезбедува ад хок законодавна експертиза и совети во врска со политиките како одговор на барањата направени од страна на Корисниците. Овие барања може да се однесуваат на една од четирите тематски области на програмата, но може да се фокусираат и на други прашања кои потпаѓаат во рамките на мандатот на Венецијанската комисија.



## ШТО ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ПОСТИГНЕ ПРОГРАМАТА?

- Се обезбедува прилагодена поддршка која зависи од побарувачката за понатамошно подобрување на законските и политичките рамки и градењето на институционалните капацитети, преку зајакнување на функционирањето на институциите.
- За таа цел, програмските активности вклучуваат развој на капацитети, техничка поддршка и експертиза, како и подигање на свеста во сите четири тематски области.
- Третата фаза од програмата има за цел да ја зајакне одржливоста на постигнатите резултати, истовремено гарантирајќи ја сопственоста од страна на институциите-корисници.
- Достигнувањата на програмата се соопштуваат со цел да се обезбеди подобар ангажман со релевантните чинители и крајните корисници, паралелно со зголемувањето на нивното вклучување и оснажнување.
- Програмата носи значителни подобрувања во секојдневниот живот на луѓето.

### Уникатен пристап

- **Прилагодените активности** одговараат на специфичните потреби на секој Корисник по консултации со соодветните органи.
- **Флексибилноста** на Хоризонталниот инструмент овозможува прилагодување на програмата на променливите околности и домашните приоритети, истовремено поттикнувајќи силна локална сопственост на резултатите. Ресурсите може да се пренаменат за време на имплементацијата, за да одговорат на новите потреби на корисниците, во согласност со севкупните цели на програмата.
- **Регионалната димензија** овозможува размена меѓу еквивалентите од Западен Балкан за решавање на заедничките предизвици, споделување на најдобрите практики и воспоставување на платформи и мрежи за таа цел.
- **Мултидисциплинарните прашања** се интегрирани во проектите. Сите активности се спроведуваат преку пристапот за човековите права, преку инкорпорирање на принципите на недискриминација, еднаквост и инклузивно учество, но и заштита на ранливите групи и малцинства. Посебен фокус е ставен на родовата еднаквост, во согласност со Стратегија за родова еднаквост на Советот на Европа 2018-2023 година и врз основа на Пакетот со алатки за вклучување на родовите перспективи во главните политики на проектите за соработка, паралелно придонесувајќи на спроведувањето на Акцискиот план на ЕУ за родова еднаквост и зајакнување на жените во сите надворешни политики и акции 2021–2025 (ГАП III).

Соработката со граѓанските организации е обезбедена во согласност со Насоките на Советот на Европа за учество на граѓанските организации во активностите за соработка на Советот на Европа и Практичниот водич за граѓанското општество, како и на Насоките на ЕУ за поддршка на граѓанското општество во регионот на проширување.

- **Уникатен метод на работа, преку стратешкиот триаголник на Советот на Европа**




Програмите за техничка помош на Советот на Европа претставуваат интегрален дел од единствениот стратешки триаголник за воспоставување на стандардите, следење и соработка: развојот на законски обврзувачките стандарди е поврзан со нивното следење преку независни механизми и е дополнет со техничката соработка во насока на олеснување на нивната имплементација.

## ПРИДОНЕС КОН ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (ЦОР)




Преку спроведувањето на Хоризонталниот инструмент и неговите активности, Советот на Европа придонесува за Агендата на ОН 2030 за одржлив развој преку поддршка на Целите за одржлив развој на Обединетите нации (ЦОР), особено ЦОР 3 (показател 8), ЦОР 4 (показатели 1, 5, 7 и 10), ЦОР 5 (показатели 1, 2 c), ЦОР 8 (показател 7), ЦОР 10 (показатели 2, 3 и 7), ЦОР 13 (показател 2), ЦОР 15 (показател 7) и ЦОР 16 (показатели 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 10, а и б).

## ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

**Тим за координација на Хоризонталниот инструмент**
**Дирекција за програмска координација**
**Совет на Европа**
**Авенија на Европа**
**F-67075 Strasbourg Cedex**
**Франција**
**Е-пошта: Horizontal.Facility@coe.int**

Заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ (Хоризонтален инструмент III) е иницијатива за соработка, која трае од 2023 до 2026 година. Програмата опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Тоа им овозможува на корисниците да ги исполнат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, што е исто така приоритет за процесот на проширување на ЕУ.

**Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

PREMS 045723 – Photos: Shutterstock – март 2023

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа